ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 10-133/10

Дата: 04.08.2015

**ДО**

**АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на приложените финансиски извештаи на Апелационен суд Скопје на сметка на основен буџет 631 за 2014 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Со извршената ревизија за 2014 година, изразено е мислење со резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи и мислење без резерва за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Апелационен суд Скопје за 2005 година и е изразено мислење без резерва за вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба и резултатот од финансиските активности како и за законско и наменско користење на средствата.

Со ревизијата на превземените мерки по дадените препораки се констатира дека Апелационен суд Скопје не превземал мерки по дадената препорака во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2014 година, заедно со ревизија на усогласеност, констатиравме дека не е извршен попис на побарувањата и обврските со изработка на старосна структура на истите.

Во дел од извештајот, нагласување на прашања за неизвесност или континуитет ревизијата истакнува дека донесената пресуда може да има влијание на износите на искажаните побарувања и обврски во иднина.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 10-133 од 11.06.2015 година.

**Вовед**

**1.1.** Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 07 до 08 заедно со ревизија на усогласеност на Апелационен суд Скопје на сметката на основен буџет (631) за 2014 година, заедно со ревизија на усогласеност, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

**1.2.** Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

**1.3.** Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Апелационен суд Скопје за 2005 година и е изразено мислење со резерва.

**1.4.** Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Апелацинен суд Скопје застапувано од:

- Љупка Арсениевска, претседател на АС Скопје до 02.06.2014 година и
- Љиљана Ивановска Шопова, вршител на должност претседател на АС Скопје од 02.06.2014 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали приложените финансиски извештаи на Апелационен суд Скопје на сметка на основен буџет (631) за 2014 година, заедно со ревизија на усогласеност се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на приложените финансиски извештаи на Апелационен суд Скопје на сметка на основен буџет (631) за 2014 година, заедно со ревизија на усогласеност со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на ревизија на приложените финансиски извештаи на Апелационен суд Скопје на сметка на основен буџет (631) за 2014 година, заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

**2.1.** Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

**2.2.** Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

**2.3.** Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 12.03.2015 година до. 24.04.2015 година кај Апелационен суд Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на ОДР во 2005 година.
Од вкупно една (1) препорака, наведена во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор , за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2005 година на Апелационен суд Скопје-сметка за сопствени приходи (631) ревизијата утврди дека дадената препорака не е спроведена (детално наведено во Прилог 1 од Извештајот).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на на АС Скопје, одржан на ден 05 јуни 2015 година.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 10-133 од 11.06.2015 година.

**Констатирани се следните состојби:**

**4.1. Финансиски извештаи**

4.1.1. Со извршената ревизија на начинот на извршениот попис, превземените активности по истиот, пописниот материјал и содржината на извештајот изработен од пописната комисија за попис на средствата и нивните извори со состојба 31.12.2014 година ревизијата констатира дека не е извршен попис на побарувањата и обврските со податоци за нивната старосна структура. Во текот на вршењето на ревизијата изготвена е старосна структура на искажаните побарувања и обврски. Во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор, за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2005 година на Апелационен суд Скопје-сметка за сопствени приходи 631 во точка 10.1.1. е наведено дека не е извршен попис на обврските.

Наведените состојби не се во согласност со Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, што предизвикува органите на управување да не располагаат со соодветни податоци при донесувањето на нивните одлуки, оневозможуваат потврдување на средствата и обврските и намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

**Препорака**

Одговорното лице да преземе мерки и активности со кои од страна на лицата задолжени за попис да се изврши попис на побарувањата и обврските со изработка на старосна структура за истите.

**Основа за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точката 4.1. не е извршен попис на побарувањата и обврските со податоци за нивната старосна структура.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.1. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Апелационен суд Скопје на ден 31 декември 2014 година, како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

5.1. Во деловните книги на Апелационен суд Скопје се искажани побарувања и обврски кои потекнуваат од 2009 година и за кои се поведени судски постапки.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2014 година**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2014** | **2013** |
| | | | |
| **Приходи** | | | |
| Други неоданочени приходи | 3.1.1. | 2.107 | 2.106 |
| **Вкупно приходи** | | **2.107** | **2.106** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 1.071 | 1.642 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1.071** | **1.642** |
| | | | |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **1.071** | **1.642** |
| | | | |
| **Остварен вишок на приходи пред оданочување** | 3.3. | **1.036** | **464** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2014 | 2013 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1.036 | 465 |
| Побарувања | 4.1.2. | 1.644 | 1.587 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 838 | 838 |
| **Вкупно тековни средства** | | **3.518** | **2.890** |
| | | | |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **3.518** | **2.890** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1. | 838 | 838 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.2.2. | 104 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.3. | 2.576 | 2.052 |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **3.518** | **2.890** |